# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# *НА ОПШТИНА ПРИЛЕП*

| | | |
|---|---|---|
| "Службен гласник на Општина Прилеп" – Излегува по потреба | 18 Јуни 2004 година<br>Службен гласник број 5<br>Овој примерок чини 150 ден. | Жиро с-ка при Комерцијална банка – Филијала Прилеп<br>300020000209652<br>ЕДБ 4021996117695 |

*Адреса: Питу Гули бр.2, тел.416-454, www.prilep.gov.mk, email:prilep@prilep.gov.mk*

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОЦИТЕ ПО ИНФОРМАЦИЈАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ЕВРО РЕГИОН "ПРЕСПА - ОХРИД"**

1. Заклучоците по Информацијата за формирање на Евро регион "Преспа - Охрид", се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 806/1 ГРАДОНАЧАЛНИК
18.06.2004 година на Општина Прилеп
П р и л е п Сашо Пиргановски

Врз основа на член 26 став 1 точка 47 и член 63 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр 6/2003) Советот на Општина Прилеп претресувајќи ја Информацијата за формирање на Евро регион "Преспа - Охрид", на седницата, одржана на ден 14.06.2004 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
за усвојување на Информацијата за формирање на Евро регион "Преспа - Охрид"

1. Се усвојува Информацијата за формирање на Евро регион "Преспа - Охрид.
2. Заклучокот ќе се објави во "Службен гласник на Општина Приалеп".

Број 07 – 779/2 ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.06.2004 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА, ДЕЛОКРУГОТ И НАЧИНОТ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЗАДАЧИТЕ НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА НА ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Одлука та за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Прилеп.се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 806/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
18.06.2004 година на Општина Прилеп
П р и л е п Сашо Пиргановски

Врз основа на член 57 став 4 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", бр. 5/2002) и член 26 став1 точка 26 од Статутот на Општина Прилеп ("Сл.гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003 година), Советот на Општина Прилеп, на седницата одржана на 14.06.2004 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на општина Прилеп**

**I. Основни одредби**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува натрешната организација, делокругот и начинот на

извршување на задачите на општинската администрација на општина Прилеп, видовите на организационите облици, условите за нивно образување и раководењето со нив.

**Член 2**

Внатрешната организација на општинската администрација на општината се утврдува во зависност од надлежностите на општината утврдени со закон, групирањето на работите и задачите според видот, обемот, сложеноста, нивната меѓусебна сродност и поврзаност, како и други услови потребни за утврдувањето на внатрешната организација.

**II. Видови на организациони облици на општинската администраца**

**Член 3**

За извршување на работите од надлежност на органите на општината,во општина Прилеп, се организира општинска администрација.

Заради вршење на инспекциски надзор над вршењето на работите од надлежноста на општината Прилеп, се организира општински инспекторат.

Заради вршење контрола на сите финансиски обврски и исплата на трошоците на општината,согласно Законот за Буџетите, се образува внатрешен ревизор.

**Член 4**

Општинската администрација на општината Прилеп се организира во три сектори во чиј состав се образуваат најмалку две одделенија.

**Член 5**

Секторот се образува заради обединување на повеќе меѓусебно поврзани подрачја од надлежност на општината, како и заради координирање и контрола на работите од надлежност на одделенијата во неговиот состав и следење и унапредување на меѓусебната соработка на одделенијата.

**Член 6**

Одделение се образува заради извршување на една од следните работи: нормативно-правни, управување со човечки ресурси, стручно-аналитички, управни, управно-надзорни, информативно-документациони, информативно комуникациски, стручно-оперативни, материјално-финансиски, инвестициони, информатичко-технолошки, стручно-административни, како и други работи што се извршуваат во органите на општината.

**Член 7**

Инспекторат се образува заради вршење надзор над извршувањето на работите од надлежност на општината.

**Член 8**

Внатрешниот ревизор се образува како самостоен внатрешен ревизор за вршење на претходна контрола на сите финансиски обврски и исплата на трошоците,согласно Законот за Буџетите
.

**Член 9**

Општинската администрација на општината Прилеп се организира во следните сектори и одделенија:

1. **Сектор за правни,општествени и општи работи, во чиј состав се**:
   -Одделението за правни и општи работи,
   -Одделението за општествени работи,
   -Одделението за економски развој и прекугранична соработка, и
   -Одделение за контакти со граѓаните, Невладините организации, облиците на месната самоуправа,информирање,правна помош и предлози и претставки ;
2. **Сектор за финансирање и Буџет во чиј состав се:**
   -Одделението за приходи;
   -Одделението за Буџет и сметководствено финансиски работи;
3. **Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина во чиј состав се:**
   -Одделението за урбанизам и заштита на животната средина и
   -Одделението за комунални работи;

**III. Делокруг и начин на извршување на задачите**

А) **Сектор за правни,општествени и општи работи**

**Член 10**

**Секторот за правни, општествени и општи работи** ги врши следните работи:

- подготвува акти за Советот и Градоначалникот;
- ги подготвува седниците на Советот и седниците на неговите работни тела;
- врши стручни работи за Советот и Градоначалникот;

- ракува со документите на општината и ги чува се до нивното уништување, односно предавање на Државниот архив на Република Македонија
- ја следи состојбата во општествените дејности;
- иницира унапредување на локалниот економски развој,поддршка на мали и средни претпријатија;
- иницира и развива регионална и меѓугранична соработка
- соработува со невладините организации;
- организира непосредно контактирање и информирање на граѓаните
- работи на управување со човечките ресурси;
- врши информатичко-технички работи; и
- врши и други работи што ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот на опшината.

**Член 11**

**Одделението за правни и општи работи** ги врши работите што се однесуваат на: изготвување на одлуки и други општи и поединечни акти од надлежност на Советот и Градоначалникот, дава мислење на актите од аспект на нивната законитост, ги следи прописите и нивните измени и дополнувања, врши стручни и организациони работи за советот и градоначалникот, ракува со документи од општината, работи на унапредувањето на прашањата поврзани со човечки ресурси,го изготвува службеното гласило на општината; врши стручни и административно технички раaботи на органот на обликот на месната самоуправа;работи и други работи што ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот на општината.

**Член 12**

**Одделението за општествени работи** ги врши работите што се однесуваат на: културата, културните установи и проекти, негувањето на фолклорот,обичаите, старите занаети и слични културни вредности;организирањето манифестации; поттикнувањето на разновидни специфични форми на творештво; развојот на масовниот спорт и рекреативните активности; организирањето на спортски приредби; одржувањето и изградбата на објекти за спорт; поддршка на спортски сојузи ; социјалната заштита на децата - детски градинки и домови за стари (сопственост, финансирање, инвестиции и одржување);остварување на социјална грижа за инвалидните лица;децата без родители и родителска грижа;децата со воспитно-социјални проблеми;деца со посебни потреби;децата од еднородителски семејства;децата на улица;лицата изложени на социјален ризик;лицата засегнати со злоупотреба на дрога и алкохол; подигање на свесата на населението;домување на лица со социјален ризик; остварување на право и воспитување на децата од предучилишната возраст,во согласност со Националната програма за развој на социјалната заштита; администрирање на основните и средни училишта во соработка со централната власт,во согласност со закон,организирање на превоз и исхрана на ученици и нивно сместување во ученички домови;управување со мрежата на јавни здравствени организации и објекти од примарна здравствена заштита кои треба да вклучат застапеност на локалната самоуправа во сите одбори на сите здравствени организации во јавна сопственост; здравственото воспитување унапредување на здравјето,превентивни активности;заштита на здравјето на работниците при работа;здравствен надзор над животната средина;надзор над заразните болести;помош на пациенти со специјални потреби(ментално здравје,злоупотреба на деца)и други области кои ќе бидат утврдени со закон; спроведување на подготовки и преземање мерки за заштита и спасување на граѓани и материјални добра од воени разурнувања, природни непогоди и други несреќи од последици предизвикани од нив;противпожарна заштита;врши и други работи што ќе ми бидат доверени од Советот и Градоначалникот на општината.

**Член 13**

**Одделението за економски развој и прекугранична соработка** ги врши работите што се однесуваат на:планирање на локалниот економски развој;утврдување на развојните и структурните приоритети; водење на локална економска политика,поддршка на развојот на мали и средни претпријатија и на претприемништвото на локално ниво;учество во воспоставувањето и развојот на локалната мрежа на институции и агенции и промовирање на партнерството,врши и други работи што ќе им бидат доверени од Советот и Градоначалникот.

**Член 14**

**Одделение за контакти со граѓаните, Невладините организации, облиците на**

**месната самоуправа,информирање,правна помош и предлози и претставки** ги врши

следните работи: обезбедува контакт со граѓаните , невладините организации и облиците на месната самоуправа, во смисла на давање и примање на информации кои се од обостран интерес и од витално значење за секојдневниот живот на граѓаните на општината; обезбедува односи со јвноста;дава усни правни совети на граѓаните и им помага и укажува на начинот на остварување на нивните права;дава информации на граѓаните во областа на добивањето на одобрение за градење;неопходната потребна техничка документација за градба;информации за комуналните давачки,информации за општинските органи;јавните претпријататија; за регионални конференции;културни и спортски манифестации,врши и други работи што ќе им бидат доверени од Советот и Градоначалникот на општината.

Б)**Сектор за финансирање и буџет**

**Член 15**

**Секторот за финансирање и буџет** ги врши работите што се однесуваат на:
-собирање,утврдување, евиденција и наплата на приходите на општината;
-подготвување на буџетотт и завршната сметка како и други акти од областа на финансирањето;
-евиденција за имотот на општината;
-поднесува извештаи за состојбите на сметките на општината;
-работи на материјално финансиските работи;
-врши финансиско сметководствени работи на органот на обликот на месната самоуправа.
-други работи што ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот

**Член 16**

**Одделението за приходи** ги врши работите што се однесуваат на:
планирање на приходите,нивно утврдување,евиденција и наплата во смисла на собирање на данокот на имот, данокот на наследство и подарок,данокот на промет на недвижности, и други локални даноци утврдени со закон; комунални такси;административни такси;и други локални такси утврдени со закон,делот од приходите од персонален данок од доход;приходи од казни; приходи од ДДВ, донации, врши и други работи што ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот.

**Член 17**

**Одделение за буџет и сметководствено финансиски работи** ги врши работите што се однесуваат на: подготвување на буџетот и завршната сметка како и други акти од областа

на финансирањето, води евиденција за имотот на оштината, поднесува извештаи за состојбите на сметките на општината, работи на материјално финансиските работи,ги води јавните набавки на органите на општината, врши и други работи што ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот.

**В) Сектор за урбанизам,комунални работи и заштита на животната средина**

**Член 18**

**Секторот за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина** ги врши следните работи:

- урбанистичко (урбано и рурално) планирање, издавање на одобрение за градење на објекти од локално значење утврдени со закон, уредувањето на просторот и уредувањето на градежното земјиште;
- заштитата на животната средина и природата.
- комуналните дејности,
- други работи кои ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот

**Член 19**

**Одделението за урбанизам и заштита на животната средина** ги врши работите: урбанистичкото(урбано и рурално) планирање,учествува во постапката за иаработка, донесување, изменување и дополнување на Генералниот урбанистички план, Деталните урбанистички планови;
урбанистичката документација за населените места; општи акти за населени места; урбанистички проекти и друга урбанистич документација;
покренува иницијатива за изработка, изменување и дополнување на урбанистички планови;ја следи реализацијата на урбанистичките планови;изготвува програми за урбанистичко планирање и уредување на градежното земјиште; издава одобрение за градење на објекти од локално значење утврдени со закон, се грижи за уредувањето на просторот и уредувањето на градежното земјиште; заштитата на животната средина и природата-мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето,заштита на природата, заштита од бучава и нејонизирачкото зрачење, врши и

други работи што ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот на општината.

**Член 20**

**Одделението за комунални работи** ги врши работите што се однесуваат на:снабдувањето со вода за пиење;испораката на технолошката вода; одведувањето и пречистувањето на отпадните води; јавното осветлување;одведувањето и третманот на атмосферските води;одржувањето на јавната чистота; уредувањето и организирањето на јавниот локален превоз на патници; снабдувањето со природен гас и топлинска енергија; одржувањето на гробовите, гробиштата, крематориумите и давањето погребални услуги; изградабата, одржувањето,реконструкцијата и заштитата на локалните патишта,улици и други инфраструктурни објекти; регулирање на режимот на сообраќај;изградбата и одржувањето на уличната сообраќајна сигнализација; изградбата и одржувањео на јавниот простор за паркирање; отстранувањето на хаварисаните возила од јавните површини;изградбата и одржувањето на пазарите; чистењето на оџаците;одржувањето и користењто на парковите,зеленилото,парк-шумите и рекреативните површини; регулацијата,одржувањето и користењето на речните корита во урбанизираните делови; определувањето на имиња на улици, плоштади ,мостови и други инфраструктурни објекти, врши и други работи што ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот на општината.

**Г) Инспекторат**

**Член 21**

**Инспекторатот во општинската администрација** врши инспекциски надзор над одредбите на законите и другите прописи кои се однесуваат на патниот сообраќај, комуналната хигиена,градежништвото,урбанизмот и заштитатана животната средина.

Инспекторатот се состои од самостојни инспектори и тоа:

-сообраќаен инспектор
-комунални инспектори
-градежни инспектори
-урбанистички инспектори
-инспектори за заштита на животната средина
-урбанистички полицаец

**Д)Внатрешен ревизор**

**Член 22**

Внатрешниот ревизор е самостоен и независен советник-внатрешен ревизот кој врши работите на:претходна контрола на сите финансиски обврски и исплатата на трошоците и ги оверува со свој потпис,согласно Законот за

Буџетите; следење на прописите во врска со уредувањето на прашањата од областа во која што работи; стручна обработка на прашањата кои се од значење за примената на законските одредби; изготвува анализи,информации и други материјали;дава стручни појаснувања и мислења за примена на законите и другите прописи и општи акти на органите од негова надлежност;врши и други работи што ќе му бидат доверени од Градоначалникот.

**Член 23**

Општинската администрација врши и работи делегирани од органите на државната управа, во согласност со закон.

**IV. Раководење со организационите облици**

**Член 24**

Со секторот раководи раководител на сектор.

Во случај на отсуство или спреченост на раководителот на секторот, со секторот раководи раководителот на одделението кој тој ќе го определи.

Со одделението раководи раководител на одделение.

Во случај на отсутност или спреченост на раководителот на одделението, го заменува советник од одделението од редот на стручните државни службеници кој тој ќе го определи.

Со инспекторатот раководи раководител на инспекторатот, а во случај на негово отсуство или спреченост раководи советник од инспекторатот од редот на стручните државни службеници кој тој ќе го определи.

**Член 25**

Со општинската администрација раководи Градоначалникот на општината.

**Член 26**

Вкупниот број вработени и распоредот по звања и работни места го утврдува Градоначалникот на општината со Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација.

**В. Преодни и завршни одредби**

**Член 27**

Со денот на влегување во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за основање, управни и административни органи на општина Прилеп ("Службен гласник на

Општината" бр. 3/2001) и Одлуката за организирање на општинска администрација на Општина Прилеп број 07- 671/16 од 24.05.2004 година.

**Член 28**

Оваа Одлука влегува во сила 8-от ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на ОпштинаПрилеп".

Број 07 - 779/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.06.2004 година на Советот на општина Прилеп
П р и л е п Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ЈКП "ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА" - ПРИЛЕП**

1. Решението за давање согласност на Статутот на ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 -806/3_ ГРАДОНАЧАЛНИК
18.06.2004 година на Општина Прилеп
П р и л е п Сашо Пиргановски

Врз основа на член 43 точка 3 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ" 38/96), член 36 точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003)), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 14.06.2004 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за давање согласност на Стататот на ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп

1. Се дава согласност на Статутот на ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп, број 02 - 9/1-3 од 09.06.2004 година.

2. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 779/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.06.2004 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВАЊЕ НА ФОНДАЦИЈА ЗА РАЗВОЈ НА - ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА - ИНФОРМАТИЧКИ ЦЕНТАР ПРИЛЕП**

1. Одлукатаа основање на Фондација за развој на - Информатичка технологија - Информатичкии центар Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 806/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
18.06.2004 година на Општина Прилеп
П р и л е п Сашо Пиргановски

Врз основа на член 35 од Законот за здруженија на граѓани и фондации ("Службен весник на РМ" бр. 31/1998) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на ден 14.06.2004 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**ЗА ОСНОВАЊЕ НА ФОНДАЦИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ИНФОРМАТИЧКАТА ТЕХНОЛОГИЈА – ИНФОРМАТИЧКИ ЦЕНТАР – ПРИЛЕП**

**I. ОПШТИ ОДРЕДБИ**

**Член 1**

Со оваа одлука се основа Фондација за развој на информатичката технологија – Информатички центар – Прилеп.

**II. ФИРМА И СЕДИШТЕ НА ФОНДАЦИЈАТА**

**Член 2**

Фондацијата ќе работи под името "Фондација за развој на информатичката технологија – Информатички центар – Прилеп"

Седиштето на Фондацијата е во Прилеп на ул."Питу Гули" бр.2

Фондацијата се основа на неопределено време.

## III. ОСНОВАЧ НА ФОНДАЦИЈАТА

**Член 3**

Основач на Фондацијата е Општина Прилеп, застапувана од Градоначалникот Сашо Пирганоски, со адреса ул."Питу Гули" бр.2, во Прилеп.

Основачкиот капитал е во износ од 5.000 ЕВРА, од кои 50% односно 2.500 ЕВРА обезбедува УНДП (Програма за развој на Обединетите Нации) и 50% односно 2.500 ЕВРА обезбедува Општина Прилеп, како неповратни средства. Овие средства се сметаат како основачки капитал на основачот.

## IV. ЦЕЛИ НА ФОНДАЦИЈАТА

**Член 4**

Фондацијата за развој на информатичката технологија – Информатички центар – Прилеп ќе се употребува за остварување на следните цели и активности:

1. **Поддршка на Локалната самоуправа:**
   а. Обезбедување на обука од областа на ИКТ[1] за вработените во Локалната самоуправа, прилагодена на нивните потреби;
   б. Помош и поддршка на Локалната самоуправа во процесот на воведување на ИКТ;
   ц. Учество во проекти на ЛС кои поддржуваат ИКТ;
   д. Идентификација и дефинирање на е-сервиси кои ЛС би требало во иднина да ги овозможи.

2. **Обезбедување на едукација за информатичка и комуникациска технологија:**
   а. *Бесплатна едукација за основни* ИКТ вештини Ђ бројот на слушатели кои ќе ја посетуваат оваа едукација ќе биде лимитиран (во секој циклус на курсеви ќе бидат вклучени една до две групи, во зависност од потребите на слушателите и можностите на фондацијата), а нивната селекција ќе се врши во соработка со Центарот за социјални грижи и Бирото за вработување, за да се идентификуваат лицата на кои оваа обука навистина ќе им помогне;
   б. *Едукација за основни и напредни Office вештини по бенефицирани цени* Ђ оваа едукација ќе биде наменета за следните целни групи:
      - Невработени лица кои се пријавени во Заводот за вработување - за да се овозможи нивна доквалификација од областа на ИКТ;
      - Членови на НВОеи Ђ за да се помогне во зајакнувањето на капацитетите на невладиниот сектор;
      - Ученици од основните и средните училишта, студенти Ђ да се овозможи надоградба на нивното образование од областа на ИКТ;
      - Вработени во јавната администрација и јавните претпријатија Ђ со цел да се помогне во зголемување на ефикасноста во работењето на јавните институции и да се даде придонес на реформата на јавната администрација;
      - Вработени во мали, средни и микро претпријатија, занаетчиски работилници Ђ со цел да се даде придонес на локалниот економски развој.
   ц. Едукација по регуларни цени Ђ овие курсеви ќе бидат наменети за сите граѓани на општина Прилеп, и соседните општини, а освен основните и напредните Office курсеви, ќе се овозможат и курсеви за други апликации за кои ќе се појави интерес.

3. **Обезбедување на едукација од други области;**

4. **ИКТ поддршка на локалниот економски развој преку соработка со мали, средни и микро претпријатија:**
   а. Обезбедување на информации во врска со бизнисот;
   б. Поставување на база на податоци за локалните ресурси;
   ц. Обезбедување на информации за пазарот на труд на локлано ниво;
   д. Обука за вработените во овие претпријатија;
   е. Претставување на производите и услугите на овие претпријатија на Бизнис web портал.

5. **Поддршка за формулирање и имплементација на Националната ИКТ стратегија:**
   а. Обезбедување на совети и идентификација на приоритетите на локално ниво;

[1] ИКТ – информатичка и комуникациска технологија

б. Обезбедување на техничка помош.

6. **Формирање на ИКТ асоцијавија** Ђ со цел разгледување и одредување на приоритетите на локалните власти од областа на ИКТ. Во оваа асоцијација ќе бидат вклучени сите ИКТ центри и фондации во Република Македонија, поддржани од УНДП.

7. **Аплицирање и имплементација на други проекти;**

8. **Промовирање на информатичката и комуникациската технологија;**

9. **Учество во промовирање на нови технологии и инвестиции во областа на ИКТ;**

10. **Обезбедување на различни сервиси од областа на ИКТ;**

11. **Создавање можности за одржување на семинари, советувања, разни презентации, трибини и размена на искуства, пред с# од областа на ИКТ, но и од други области од интерес на граѓаните.**

## V. ОРГАНИ НА ФОНДАЦИЈАТА

**Член 5**

Органи на Фондацијата се Управен одбор, Надзорен одбор и Извршен директор.

**Член 6**

**Управен одбор**

За да се олесни остварувањето на целите на Фондацијата и се обезбедат ИКТ сервиси за поширок ранг на корисници, се формира Управен одбор составен од преставници на Локалната самоуправа, јавниот и приватниот сектор, со што ќе се овозможи не само доставување на стандардните ИКТ сервиси но и фокусиран одговор на специфичните потреби на локалното население и поголема бизнис ориентација на бараната ИКТ поддршка.

Управниот одбор го сочинуваат пет (5) члена.
Управниот одбор го именува основачот.

Претседателот на Управниот одбор го избираат членовите на УО од своите редови.

**Член 7**

**Надзорен одбор**

Членовите на Надзорниот одбор ги именува основачот со посебна одлука и него го сочинуваат три (3) члена.

Претседателот на Надзорниот одбор го избираат членовите на НО од своите редови.

**Член 8**

**Извршен директор**

Фондацијата ја застапува и во нејзино име потпишува Извршниот директор. Извршниот директор го избира Управниот одбор со мандат од четири години со право на повторен избор.
Извршниот директор учествува во работата на Управниот одбор без право на одлучување.
Извршниот директор за својата работа е одговорен пред Управниот одбор.

**Член 9**

Оваа одлука стапува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 779/5
14.06.2004 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Борис Ристски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ГРАД ПРИЛЕП

1. Одлуката за дополнување на Генерален урбанистички план на град Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 806/5
18.06.2004 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Сашо Пиргањоски

Врз основа на член 22 став 3 и 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 4/96,28/97, 18/99 76/99, 53/2001 и 45/02), член 22 став 1 точка 1 и член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/02) и член 14 став 1, точка 1 и член 26 од Статутот на Општина Прилеп (Сл. гласник на Општина Прилеп бр. 6/03), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на ден 14.06.2004година донесе:

ОДЛУКА

за изменување и дополнување на Генерален урбанистички план за град Прилеп

Член 1

Со оваа Одлука се врши изменување и дополнување на Генерален урбанистички план за град Прилеп, како што е означено во графичките прилози кои се составен дел на оваа Одлука.
Планот го опфаќа локалитетот означен како "Урбан блок 6" со граници : ул. "Марксова", ул."Тризла", ул. "Мице Козар" и ул. "11 Октомври" во градот Прилеп.

Член 2

Планот од член 1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:
- Извод од Програмата каде е предвиден планот да се изработува :
Програмата за донесување, изменувања и дополнивања на Урбанистичките планови во Општина Прилеп за 2003/2004год.
- Стручна ревизија на Нацрт планот, измени и дополнувања на Генерален урбанистички план за град Прилеп, за Урбан блок 6 со граници : ул. "Марксова", ул."Тризла", ул. "Мице Козар" и ул. "11 Октомври" бр. 24-1148/2 20.11.2003год.
- Извештај за постапување по стручната ревизија - Одговор на стручната ревизија на Нацрт планот; измена и дополнување на Генерален урбанистички план за град Прилеп, за Урбан блок 6 со граници : ул. "Марксова", ул."Тризла", ул. "Мице Козар" и ул. "11 Октомври" бр. 24-1148/3 05.12.2003год.
- Стручно мислење од Секторот за уредување на просторот при Министерството за транспорт и врски, по Нацрт планот - измени и дополнувања на Генерален урбанистички план за град Прилеп, за Урбан блок 6 со граници : ул. "Марксова", ул."Тризла", ул. "Мице Козар" и ул. "11 Октомври" бр. 24-69/1 22.01.2004год.
- Одлука за организирање на стручна расправа по Нацрт планот - измени и дополнувања на Генерален урбанистички план за град Прилеп, за Урбан блок 6 со граници : ул. "Марксова", ул."Тризла", ул. "Мице Козар" и ул. "11 Октомври" бр. 03-155/1 09.02.2004год.
- Извештај за Стручната расправа за Нацрт планот - измени и дополнувања на Генерален урбанистички план за град Прилеп, за Урбан блок 6 со граници : ул. "Марксова", ул."Тризла", ул. "Мице Козар" и ул. "11 Октомври" бр. 03-155/3 23.02.2004год.
- Известување за постапување по Извештајот за Предлог планот - измени и дополнувања на Генерален урбанистички план за град Прилеп, за Урбан блок 6 со граници : ул. "Марксова", ул."Тризла", ул. "Мице Козар" и ул. "11 Октомври" бр. 24-657/2 21.05.2004год.
- Согласност од Министерството за транспорт и врски - Сектор за уредување на просторот Скопје бр. 24-657/4 од 008.06.2004год.
- Комплетен примерок од Предлог планот, изменување и дополнување на Генерален урбанистички план за град Прилеп, за Урбан блок 6 со граници : ул. "Марксова", ул."Тризла", ул. "Мице Козар" и ул. "11 Октомври" бр. 24-657/1 20.05.2004год.

**1. Планиран развој**
- Текстуален дел
1. Намена на површините во урбаниот модул бр.6
- некои поважни параметри
- Графички прилози
  1. Намена на површините 1 : 5000
  2. Сообраќајно решение 1 : 5000
  3. Водовод и канализација 1 : 5000
  4. Енергетика и ПТТ 1 : 5000
  5. Синтезна претстава 1 : 5000

**2. Документациона основа**
- Текстуален дел
- Графички прилози
  1. Извод од ГУП на град Прилеп за период од 2001 до 2011год
- Намена на површините

Член 3

Планот се заверува во рок од 8 дена од денот на донесувањето.
Заверката со потпис и печат ќе ја изврши Претседателот на Советот на Општина Прилеп.

Член 4

Планот ќе го спроведува Министерството за транспорт и врски - Подрачна единица Прилеп, врз основа на добиената Соглсност бр. бр. 24-657/4 од 08.06.2004год. од МТВ - Сектор за уредување на просторот Скопје и оваа Одлука.

Член 5

Оваа Одлука со заверен примерок од донесениот План се доставува до Министерството надлежно за работите на уредување на просторот.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила 8-от ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Прилеп.

Број 07 - 779/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.06.2004 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА КОМПЛЕКС**

**НА ПРИДРУЖНИ И УСЛУЖНИ ОБЈЕКТИ НА РЕГИОНАЛЕН ПАТ Р - 106 МОТЕЛ "ПЛЕТВАР" , РЕСТОРАН "ЧЕ" И БЕНЗИНСКА ПУМПА КО "ПЛЕТВАР**

1. Одлуката за донесување на Генерален урбанистички план за комплекс на придружни и услужни објекти на Регионален пат Р - 106 Мотел "Плетвар" , Ресторан "Че" и бензинска пумпа КО "Плетвар, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 806/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
18.06.2004 година на Општина Прилеп
П р и л е п Сашо Пиргановски

Врз основа на член 22 став 3 и 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 4/96,28/97, 18/99 76/99, 53/2001 и 45/02), член 22 став 1 точка 1 и член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/02) и член 14 став 1, точка 1 и член 26 од Статутот на Општина Прилеп (Сл. гласник на Општина Прилеп бр. 6/03), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на ден 14.06.2004година донесе :

ОДЛУКА

За донесување на Генерален урбанистички план за комплекс на придружни и услужни објекти на регионалниот пат Р-106 : мотел "Плетвар", ресторан "Че" и бензинска пумпа - КО Плетвар - 2003-2013 - Општина Прилеп.

Член 1

Со оваа Одлука се врши донесуање на ГУП за комплекс на придружни и услужни објекти на регионалниот пат Р-106 : мотел "Плетвар", ресторан "Че" и бензинска пумпа - КО Плетвар - 2003-2013 - Општина Прилеп, како што е означено во графичките прилози кои се составен дел на оваа Одлука.

Планот го опфаќа локалитетот во К.О. Плетвар, м.в. " Чашка"- Општина Прилеп, на дел од К.П. бр. 51 со површина од 0.5 Ха.

Член 2

Планот од член 1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:

- Извод од Програмата каде е предвиден планот да се изработува :

Програмата за донесување, изменувања и дополнивања на Урбанистичките планови во Општина Прилеп за 2003/04год.

- Стручна ревизија на Нацрт планот, ГУП за комплекс на придружни и услужни објекти на регионалниот пат Р-106, во КО Плетвар, во Општина Прилеп бр. 24-657/3 18.06.2003год.
- Извештај за постапување по стручната ревизија - Одговор на стручната ревизија на Нацрт планот; ГУП за комплекс на придружни и услужни објекти на регионалниот пат Р-106, во КО Плетвар, во Општина Прилеп бр. 24-777/3 27.06.2003год.
- Стручно мислење од Секторот за уредување на просторот при Министерството за транспорт и врски, по Нацрт планот - ГУП за комплекс на придружни и услужни објекти на регионалниот пат Р-106, во КО Плетвар, во Општина Прилеп бр. 24-128/2 11.03.2004год.
- Одлука за организирање на стручна расправа по Нацрт планот - ГУП за комплекс на придружни и услужни објекти на регионалниот пат Р-106, во КО Плетвар, во Општина Прилеп бр. 08 - 459/1 од 07.04.2004год
- Извештај за Стручната расправа за Нацрт планот - ГУП за комплекс на придружни и услужни објекти на регионалниот пат Р-106, во КО Плетвар, во Општина Прилеп бр. 24-128/10 од 23.04.2004год.
- Известување за постапување по Извештајот за Предлог планот - ГУП за комплекс на придружни и услужни објекти на регионалниот пат Р-106, во КО Плетвар, во Општина Прилеп бр. 24-128/13 15.04.2004год.
- Согласност од Министерството за транспорт и врски - Сектор за уредување на просторот Скопје бр. 24-128/15 од 28.05.2004год.
- Комплетен примерок од Предлог планот, ГУП за комплекс на придружни и услужни објекти на регионалниот пат Р-106: мотел "Плетвар", ресторан "Че" и бензинска пумпа - КО Плетвар - 2003-2013 - Општина Прилеп бр. 24-128/12 11.05.2004год.

I - Текстуален дел :

1. Проектна програма
2. Планирање на просторот
3. Параметри за уредување на просторот
4. Документациона основа

II - Графички прилози

1. Плетвар со пошироко опкружување / планиаран развој/ 1 : 25 000
2. Намена и организација на просторот / планиарн развој/ 1 : 1 000
3. План на парцелација, план на површини за градба, висински план, котен план / планиран развој/ 1 : 1000
4. План на зелени површини / планиран развој/ 1 : 1000
5. Инфраструктура / планиран развој/ 1 : 1.000
6. Инфраструктура - сообраќаен план / планиран развој/ 1 : 1000
7. Проект за трета лента на патот Р-106 / постојна состојба/ 1: 1.000

Член 3

Планот се заверува во рок од 8 дена од денот на донесувањето.

Заверката со потпис и печат ќе ја изврши Претседателот на Советот на Општина Прилеп.

Член 4

Планот ќе го спроведува Министерството за транспорт и врски - Подрачна единица Прилеп, врз основа на добиената Соглсност бр. бр. 24-128/15 од 28.05.2004год. од МТВ - Сектор за уредување на просторот Скопје и оваа Одлука.

Член 5

Оваа Одлука со заверен примерок од донесениот План се доставува до Министерството надлежно за работите на уредување на просторот.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила 8-от ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Прилеп.

Број 07 - 779/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.06.2004год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРЕПОРАКАТА ПО ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА КОМПЛЕКС НА ПРИДРУЖНИ И УСЛУЖНИ ОБЈЕКТИ НА РЕГИОНАЛЕН ПАТ Р - 106 МОТЕЛ "ПЛЕТВАР" , РЕСТОРАН "ЧЕ" И БЕНЗИНСКА ПУМПА КО "ПЛЕТВАР**

1. Препораката по Одлуката за донесување на Генерален урбанистички план за комплекс на придружни и услужни објекти на Регионален пат Р - 106 Мотел "Плетвар" , Ресторан "Че" и бензинска пумпа КО "Плетвар, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 806/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
18.06.2004 година на Општина Прилеп
П р и л е п Сашо Пирганоски

Врз основа на член 26 став 1 точка 47 и член 63 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр 6/2003) Советот на Општина Прилеп, претресувајќи ја Одлуката за донесување на Генерален урбанистички план за комплекс на придружни и услужни објекти на Регионален пат Р-106, Мотел "Плетвар", Ресторан "Че" и Бензинска пумпа КО Плетвар - 2003 - 2013 - Општина Прилеп, на седницата, одржана на ден 14.06.2004 година, ја донесе следната:

**П Р Е П О Р А К А**

